ЈАВНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр 05-219/7
11.11.2024 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 112 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Р.М бр:24/19), Договорниот орган за јавни набавки-ЈУ Центар за социјална работа Кратово по распишаниот оглас за Набавка од мала вредност за набавка на стоки, бр: 18055/2024 „ Набавка на гориво за службени возила на ЈУ Центар за социјална работа Кратово за 2024 година„ по спроведената постапка за избор на најповолна понуда, донесе

**ОДЛУКА**
**За избор на најповолна понуда**

1. За најповолна понуда за „ Набавка на гориво за службени возила на ЈУ Центар за социјална работа Кратово за 2024 година „ согласно распишаниот оглас бр:18055/2024, и извештајот за спроведена постапка заведен под бр: 05-219/5 од 08.11.2024 година , се избира понудата на фирмата „МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати„ Скопје.
2. Набавката од точка бр:1 ќе се врши во период од 365 дена, сметано од потпишувањето на договорот.
3. Со избраната фирма , ЈУ Центар за социјална работа Кратово ќе склучи договор во кој подетално ќе се уредат односите за реализирање на набавката.

**Образложение**

Договорниот орган- ЈУ Центар за социјална работа Кратово објави оглас за Набавка од мала вредност бр:18055/2024 за „ Набавка на гориво за службени возила за ЈУ Центар за социјална работа Кратово за 2024 година „ заведен под бр:05-219/3 од 01.11.2024 година.

На првичното отварање на понудите пристигна една (1) понуда и тоа од економскиот оператор„ МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати„ Скопје, со понудена цена од 80.512,50 без ДДВ, односно 94.348,00 со вклучен ДДВ. Бидејќи имаше една понуда, не се одржа електронска аукција, а понудата беше во рамките на проценетата вредност дефинирана со Одлуката за јавна набавка „. бр: 05-219/2 од 01.11.2024 година. Комисијата за Јавна набавка формирана за оваа постапка даде предлог за избор на истата. Врз основа на погоре наведеното, Договорниот орган изврши избор на понудата на фирмата„МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати „ Скопје, со која што ќе склучи договор во кој детално ќе бидат наведени условите за реализација на набавката, односно услугата.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки во Скопје во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на Одлуката. Еден примерок од Жалбата задолжително се доставува до Договорниот орган, лично или по пошта.

В.Д Директор
Сорган Цветковски

ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
КРАТОВО